РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр.03-4417/1

Скопје 10.10.2017г.

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата за 10-ти октомври 2017г.**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува шеснаесеттиот дневен извештај за 10-ти октомври 2017 година.

Агенцијата денеска ги објави извештаите од мониторингот на изборното медиумско претставување во првите 10 дена од кампањата за Локалните избори 2017 година (од 25 септември до 4 октомври 2017 година).

Мониторингот на Агенцијата покажува дека телевизиите на државно и регионално ниво и радијата опфатени со мониторингот, генерално се фокусирани на известување за кампањите на двете големи коалиции – предводени од ВМРО ДПМНЕ, односно од СДСМ, кои имаат најголем број потврдени листи со кандидати за градоначалници и советници. Притоа, радиодифузерите, во извештаите од кампањските активности, настојуваат да обезбедат еднаков третман и квантитативно и квалитативно, со тоа што за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ често има повеќе време како резултат на нивните реакции и критики за активностите и политиките на власта.

Поради ова, дисбаланс во известувањето е констатиран единствено кај ТВ Алфа која, споредено со телевизиите на државно ниво кои имаат сличен начин на реализација на вестите, одвои забележливо повеќе време за Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ.

Сите извештаи се објавени на веб страницата на Агенцијата.

Срдечен поздрав,


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

.............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**